E-COMMERCE
Macedonian Association

АСОЦИЈАЦИЈА ЗА Е-ТРГОВИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2019

ЈАНУАРИ- ДЕКЕМВРИ 2019




ЈАНУАРИ, 2020

# ЗА АЕТМ




Асоцијацијата за е трговија на Македонија е прва и единствена асоцијација која се стреми кон инклузивна е-трговија. Нашата мисија е да креираме иднина за раст и развој на е-трговијата во Македонија.

Асоцијацијата за е-трговија на Македонија има за цел да ги поддржи интересите на компаниите за е-трговија, да придонесе кон знаењето за е-трговија и негово проширување вклучувајќи ги поврзаните услуги и технологии и да ги намали и елиминира бариерите кои го ограничуваат растот и развојот на идустријата.

Е-трговијата е наша пасија и ние ги разбираме нашите партнери како никој друг бидејќи и  ние доаѓаме од бизнис-заедницата.

Се соочуваме со предизвиците со кои секојдневно се соочуваат нашите соработници и нашата мисија е да ги олесниме нашите животи, да го направиме бизнисот побрз, да го олесниме работењето и да ги отстраниме административните оптоварувања во сите полиња, за да можеме сите да растеме и напредуваме заедно.

Со цел заеднички да обезбедиме одржлив раст во оваа индустрија, потребен е холистички пристап и учество од сите засегнати страни.

**„Ние веруваме дека иднината за подобра Македонија е во дигитална Македонија и смарт општество, а е-трговијата е интегрален дел од едно такво општество."**

E-COMMERCE
Macedonian Association

# ПРЕДГОВОР



**Работата во текот на 2019 година** беше фокусирана на едукација на јавноста, бизнисите, организациите, како и постојните и потенцијалните е-трговци; имавме зголемени активности за борба против сивата економија, и активоси за олеснување на условите за отворање на нови е-продавници. Организиравме повеќе едукативни настани и бевме дел од голем број интернационални конференции. Го организиравме и првиот регионален Мастерклас за жени во е-трговијата и дигиталната економија и ја организиравме втората годишна Конференција за е-трговија под слоганот „Бизнис раст со е-трговија", преку која ги доближивме новитетите од светот пред домашната публика и погледнавме успешни приказни од е-трговијата од нашата земја и со тоа покажавме дека и од Македонија се може. Растот го покажуваат и податоците подолу, кои се однесуваат на 2019 година:

**21,9%**

**ЗГОЛЕМЕН БРОЈ НА ОНЛАЈН ТРАНСАКЦИИ ВО ОДНОС НА 2018**

**25,3%**

**ЗГОЛЕМЕНА ВРЕДНОСТ НА ОНЛАЈН ТРАНСАКЦИИ ВО ОДНОС НА 2018**

**127**

**НОВООТВОРЕНИ Е-ПРОДАВНИЦИ**

**14**

**НОВИ Е-ПРОДАВНИЦИ МЕСЕЧНО**

Овој годишен извештај содржи краток осврт на реализираните активности и работата на АЕТМ во текот на 2019 година.

# Изминати настани и проекти

## #1 Изработена нова веб страница за АЕТМ - ecommerce.mk [јануари]

Новата веб страница има за цел на полесен начин да ги информира членовите и пошироката јавност за најновите случувања и активности во областа на е-трговијата. Со подобрен интерфејс и функционалност постигнавме зголемување на свеста кај е-трговците и заинтересираните во областа на е-трговија следејќи ја нашата работа и читајќи ги последните новости од областа на е-трговијата во светски рамки.









# #2 Поттикнување на промена за подобрување на постапките за увоз

АЕТМ од своето основање работеше на мапирање на пречките, бариерите, предизвиците кои што стојат на патотот на развој на е-трговијата и секако на формирање на препораки. Со потпишување на меморандуми за соработка со клучните институции помогна за поттикнување на промени кои се однесуваат кон подобрување на е-трговијата.

Оваа промена за поедноставување на увозните постапки за брзи пратки повеќе се однесува на побарувачката во е-трговија, односно кога граѓаните прават онлјан нарачки на производи од странство. Со поедноставувањето на увозните постапки за брзи пратки крајните корисници ќе заштедат време, ќе се зголеми ефикасноста при испорака на пратки и ќе се избегнат административните процедури кои беше потребно да се обезбедат од страна на примачот пред да се подигне пратката.



# #3 Се одржа второто годишно собрание [март]

Асоцијацијата за е-трговија на Македонија го одржа своето второ годишно Собрание во конференциската сала во ресторанот „Воденица Мулино". Во работниот дел на Собранието беше даден осврт на сработните активности во минатата година и беше презентиран и усвоен планот на активности за 2019 година.

Сите присутни членови имаа можност да ги споделат своите мислења и идеи и да го слушнат планот на активности за 2019 година на Асоцијацијата за е-трговија на Македонија.

Активностите на Асоцијацијата во текот на 2019, согласно планот, беа насочени кон информирање, едукација, справување со сивата економија во е-трговија и други активности насочени кон градење на капацитети за стимлирање раст и зголемена конкурентност на МСП. По првата успешна организирана конфренција за е-трговија минатата година, беше најавена и втората годишна конференција за е-трговија која се одржа во октовмри 2019 година.



# #4 АЕТМ доби највисоко признание за поддршката и соработката со Царинската управа [април]

На одбележувањето на 27 години од постоењето на Царинската управа, на свечената церемонија беа доделени плакети и пофалници, на организации, поединци, царински службеници и организациони единици од Царинската управа, кои во 2018 година дадоа значаен придонес во напредокот на институцијата.

Во таа насока, Плакета со повелба за безрезервна поддршка беше доделна и на АЕТМ за посебен придонес и ангажман кон дигитализација на Царинската управа.



# #5 АЕТМ беше дел од Глобалната недела на е-трговија #UNCTADeWeek [април]

Глобалната недела на е-трговија се одржа од 1 до 5 април во Жеева, Швајцарија. На панелот насловен "Ecommerce Associations from start to finish" заедно со асоцијациите од Африка Ecommerce Forum Africa и Бразил E-Commerce Brasil (8000 членки од 87.000 е-трговци) дискутиравме за искуствата со основање, етаблирање и водење на асоцијациите во нашите земји, како и за најдобрите практики и предизвиците.

Покрај оваа сесија, тогашната претседателката на АЕТМ, Нина Ангеловска, беше учесник и на панел сесијата "Women and Ecommerce: Chaining the narrative".



# #6 АЕТМ беше дел од 10 Руски форум за управување со интернет [април]

На 10тиот Руски форум за управување со интернет (RIGF 2019), тогашната претседателката на АЕТМ, Нина Ангеловска зборуваше на панел сесијата "Women - leaders of the IT industry: success stories" заедно со уште шест жени со инспиративни приказни. Таа ја сподели работата на АЕТМ во 2018 година истакнувајќи ја дво-дневната работилница "Ladies in E-commerce" која беше организирана во Април 2018 година со цел градење на капацитети во е-трговија.

Главниот фокус за време на дискусијата беше ставен на едукацијата и дигиталните вештини како клучни на патот кон зголемување на уделот на жени во ИТ и на лидерски позиции особено.

Ова 10то издание на RIGF2019 беше специјално бидејќи денес се одбележуваа и 25 години од домеинот .RU, а за време на форумот беше промовирана и новата специјална поштенска марка по тој повод.



# #7 Изработивме извештај за преглед на состојбата со е-трговија во 2018 година [јуни]

Овој преглед беше изработен за потребите на АЕТМ со цел следење на прогресот и развојот на е-трговијата во Република Северна Македонија. За креирање на анализата одбрани се неколку клучни индикатори кои се споредени со претходната година кога беше објавен сеопфатниот извештај од анализата на етрговијата во 2017 година "Подготвеност, потенцијал, фактичка состојба, бариери и препораки за развој на е - трговијата во Р. Македонија".

При изработката на овој преглед анализирани се податоците од Државниот завод за статистика кој спроведува анкета според методологијата на Еуростат во првото тромесечие на 2018 година. Испитаниците се изјаснуваат за направените онлајн нарачки и купувања во последните 12 месеци. Исто така за изготвување на овој преглед користени се и податоците на Еуростат.







За направените трансакции во вредност и број, користени се податоци од Народната банка на Република Северна Македонија која истите ги објавува квартално. Народната банка на Република Северна Македонија направи промена на методолгијата за пресметка на истите во март 2016 со цел усогласување со Европската централна банка.

Прегледот за состојбата со е-трговијата во Република Северна Македонија е насочен кон порастот на екупувањата, со опфат на тоа колку, што, од каде купувале, колку трошеле македонските граѓани онлајн. Заради важноста на интенет поврзувањето и неговото користење за е-трговијата, направена е и анализа на интернет пенетрацијата, начинот на поврзување како и за што го користеле македонските граѓани интернетот минатата година. Од прегледот на податоците за оствареното во минатата година, покрај забележителниот раст, особено е важно и зголемувањето на онлајн купувањето од домашните е-трговци.

# #8 Afterwork квиз дружење за членовите на АЕТМ [јуни]

Неформално дружење наменето за членовите на АЕТМ, каде што преку забаен квиз ги промовиравме и бројките од прегледот на состојбата со е-трговијата во 2018.





# #9 Станавме членови на најголемата Асоцијација за е-трговија на Европа

Асоцијацијата за Е-трговија на Македонија, од неодамна, стана член на Асоцијацијата за Е-трговија на Европа (E-commerce Europe), која што застапува над 100,000 компании кои продаваат стоки или услуги преку Интернет на потрошувачите во Европа.



# #10 Изработивме сеопфатен извештај за е-трговија [јуни-септември ]

Заедно со Агенцијата за истражување и консалтинг Инсајдер ИД и Бонитетната агенција Таргет Груп изработивме сеопфатен извештај за е-трговија. Теми кои се опфатени во истражувањето:

- Начини на продажба
- Трендови на е-трговијата во С. Македонија
- Испорака на производи
- Маркетинг и промотивни активности
- Пазарен интензитет и конкуренција
- Идно проширување и иновации
- Дефинирање на предизвиците во работењето
- Задоволство од соработката со банките
- Општи интернет навики на потрошувачите
- Запознаеност со е-продавниците и потрошувачките навики на интернет
- Моментални потрошувачки навики
- Фактори со влијание при онлајн пазарење
- Преферирани е-продавници од потрошувачите

За добивање на целосната слика за е-трговијата во Северна Македонија, потребно е и анализирање на однесувањето на потрошувачите, бидејќи на крајот тие се оние кои ја носат одлуката сопствените средства наместо во класични маркети да ги потрошат во е-продавниците. Во спроведеното истражување се обработени сите начини на користење, пазарење, бариери и навики на потрошувачите при онлајн купување. Од особена важност е обработката на факторите со влијание врз потрошувачите при носење на одлуката за онлајн купување, кои се обработени и по сите демографски групи, за да се дефинираат и осцилациите и разликите кои постојат кај Македонскиот потрошувач.

Истражувањето ќе овозможи сите заинтересирани компании за имплементација и развој на електронската трговија да добијат целосен приказ за моменталната состојба во оваа дејност во нашата земја и соодветно на истата да ја креираат својата развојна стратегија.



# #11 Организиравме тркалезна маса за борба против сивата економија [октомври]

Во заедничка организација на Министерството за финансии и на Асоцијацијата за е-трговија на Македонија, се одржа работна средба на тема „Дигитална фискализација и сузбивање на даночната евазија во е-трговијата", со цел да се помогне во собирање на релевантни информации, сознанија и мислења од сите засегнати страни за сузбивање на сивата економија во нашата земја.

Дел од заклучоците на работната средба беа во насока на тоа дека со конкретни мерки ќе се адресира сивата економија во е-трговијата. Пример за такви мерки се скенирање на пратките и технолошко поврзување на електронските продавници со Управата за јавни приходи, со што ќе се подобри контролата во дигиталната трговија. Исто така, ќе се отвори и е-платформа на која граѓаните ќе можат да ги пријавуваат сите оние кои вршат нерегистрирана е-трговија.



# #12 Го организиравме првиот регионален Мастерклас за е-трговија [октомври]

Првиот Masterclass, под насловот „Како да изградите успешен е-бизнис за жени претприемачи“ се оддржа на 26ти и 27ми октомври во ИННОФЕИТ Центарот во Скопје, во организација на Асоцијацијата за е-трговија на Македонија (АЕТМ) и UNCTAD, со партнерство на Министерството за Финансии на Република С. Македонија.

На овој настан учествува 50тина жени од Македонија и од останатите земји од Западен Балкан, кои што имаат свој е-бизнис или се дел од дигиталниот сектор на компанијата во која работат.

Настанот беше отворен со почесен говор од Министерката за финансии и амбасадор на иницијативата „eTrade for Women“, Нина Ангеловска, која што неодамна беше назначена за претставник на иницијативата на UNCTAD за зголемување на учеството на жените во дигиталната економија – арена каде што женските играчи сѐ уште се значително помалку застапени од мажите.





# #13 Ја организиравме најголемата конференција за е-трговија [октомври]

По огромниот успех и интерес со првата годишна конференција за е-трговија, ја создадовме втората годишна конференција за е-трговија. Под мотото „Бизнис раст со е-трговија", на 25 октомви во хотел „DoubleTree by Hilton" во Скопје се одржа Втората годишна конференција за е-трговија на која присуствуваа повеќе од **450 учесници од преку 151 компанија, 13 организации и неколку владини институции и факултети**, а свое излагање и учество имаа триесетина еминентни говорници од земјата и странство. Конференцијата имаше огромен интерес и истата ги опфати следниве главни теми: Дигитална трансформација, раст, пазари, иновации и жени во дигитална, организирана во **осум главни разговори** во е-трговијата, **три fireside разговори** и **две интерактивни панел дискусии** фокусирани на растот на деловните активности во електронската трговија и алатките за маркетинг.




Темата на овогодинешната конференција беше презентирана преку ексклузивно истражување и мапирање на е-трговијата во земјата, панел дискусии и главни презентации кои го потврдија потенцијалот на е-трговијата, како и фактот дека оваа гранка навистина може да биде двигател на растот и развојот на бизнисите и да ги исполни, па дури и надмине очекувањата на сопствениците. Се дискутираше и за соодветно управување со е-трговијата како значаен канал за продажба со главен фокус на модерниот потрошувач и неговите навики како и на лесно достапните маркетинг алатки со кои најлесно и најефективно се стигнува до резултати.







Конференцијата беше поддржана од голем број на компании и организации. Генерален партнер на конференцијата беше Mastercard, Фондот за иновации и технолошки развој беше платинум партнер на конференцијата, А1 беше комуникциски партнер, златни партнери беа Halkbank и Haselt. Sport-m и E-tinex беа сребрени партнери на овогодинешната конференција, додека пак бронзени партнери беа Eurolink, Tigo.mk, iStyle, Serafimov Group, Tosic&Jevtic, Envoice, Neptum & Eco Logistic Service.




Подржувачи на конференцијата беа и  Swiss Contact EP програмата, IWM Network, Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство, Insider ID, Mccann Skopje, DoubleTree by Hilton Skopje, KLS Events, Винарија Стоби, Горска вода, Grouper, Бизниз мрежа, Smart Living, Kare и Print.mk.

Главни медиумски партнери беа City Radio, Kanal 77, Time.mk, It.mk, Bankarstvo.mk, Kapital, Marketing 365 и популарно.мк, а конференцијата беше медиумски покриена и од речиси сите домашни телевизи.






**Петте главни заклучоци кои произлегоа од конференцијата беа:**

1. Е-ТРГОВИЈАТА БЕЛЕЖИ КОНТИНУИРАН РАСТ: Раст на е-трговијата во првото полугодие во 2019 од 26% споредбено со истиот период во 2018
2. НАМАЛУВАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИ ПРОЦЕДУРИ: Владата подготвена да излезе во пресрет на е-трговијата
3. ДИГИТАЛИЗАЦИЈАТА Е НЕИЗБЕЖНА: Дигиталната трансформација е достапна за секој
4. БИЗНИСИТЕ МОРА ДА СЕ ПРОАКТИВНИ: Отворањето на онлајн продавница е многу повеќе од само правење на сајт
5. Е-ТРГОВИЈАТА ОТВАРА ГЛОБАЛНИ ГРАНИЦИ: И од Македонија се може!

Целиот објавен текст за заклучоците од конференцијата може да го прочитате тука

Над 77% од присутните кои одговорија на онлајн прашалникот кој беше испратен по завршување на конференцијата одговорија дека се многу задоволни од конференцијата. Албумот со фотографии од конференцијата можете да го погледнете овде, додека пак видеото може да го погледнете овде.

# #14 Учествувавме на „Digital for Entrepreneurship” [ноември]

Генералниот секретар на Асоцијација за е-трговија на Македонија - Виктор Стојкоски, беше дел од панелот на тема „Електронска трговија: Иднината на македонските фирми за излез во светот“, во организација на European Business Association, каде што заедно со останатите панелисти пренесоа заедничка порака, дека е-трговија е иднината за која мора да бидеме подготвени.



# #15 Учествувавме во најголемиот семинар за е-трговија во Кина [ноември - декември]

Во периодот од 29 ноември до 12 декември 2019 година, В.Д Претседателот на Асоцијација за е-трговија на Македонија – Филип Чижбановски, заедно со 19 други претставници од институции од Република Северна Македонија беа дел од Семинарот за е-трговија и меѓугранична е-трговија, во организација на Џиангши колеџот за странски студии во Нанчанг, Кина.

Во текот на семинарот, присутните имаа можност да се запознаат со е-трговијата и меѓуграничната е-трговија на Народна Република Кина, финансиската поддршка од банките и останатите институции за компаниите кои се занимаваат со меѓугранична е-трговија, развојот и поставеноста на закононите на е-трговијата во Кина, разликите и сличностите помеѓу меѓуграничната е-трговија и традиционалната трговска размена, поддршката од царинската управа во развојот на меѓугранична е-трговија, вовед во платформата за глобална меѓугранична е-трговија, изградбата на меѓуграничниот платежен систем за е-трговија на Кина, како и анализа на неколку компании преку студија на случај кои ќе ја доближат е-трговијата во Кина поблиску до нас.






# #16 Учествувавме на конференцијата на ЦЕФТА во Тирана, Албанија [декември]

Од 16 до 19 декември, во Тирана, Албанија се одржа годишната „CEFTA Week" (Недела на ЦЕФТА), а централниот настан беше меѓународната конференција насловена „Претворање на предизвиците во можности", која се состоеше од четири панел дискусии. На 18 декември, проек менаџерот во АЕТМ - Марија Ристовска, присуствуваше и беше дел од панел дискусија насловена „Либерализацијата на трговијата со услуги – нова рамка" во рамките на „Недела на ЦЕФТА".

На панел дискусијата се разговараше за предизвиците со кои се соочуваат е-трговците во регионот и за можните решенија за надминување на истите. Како решенија, од оваа панел дискусија произлегоа: намалувањето на тарифите на мобилните оператори (за роаминг и интернет пакети) помеѓу земјите членки во ЦЕФТА, креирање на едни единствени правила и закони за размена на производи и услуги помеѓу членките, исти методи за плаќање, подобра соработка помеѓу поштите во рамките на ЦЕФТА со фокус на цената за испраќање и времето за достава и пред сè, зголемена едукација на членките и на самите компании за е-трговија.



# #17 Ја организиравме првата од месечните едукативни e-commerce afterwork сесии [декември]

На 16 декември во просториите на Фондот за иновации и технолошки развој ја организиравме првата сесија од серијалот „E-commerce Afterwork сесии", на тема: „Со извоз до поголема конкуретност на е-трговците. Што треба да знаат сите потенцијални извозници во е-трговијата?". Оваа сесија беше наменета за сите моментални и потенцијални извозници, во ко-организација со Царинската управа, а со поддршка на Фондот за иновации и технолошки развој.





Целта на оваа сесија беше да се согледаат главните предизвици на е-трговците за извоз, да се дискутираат заедно со говорниците на сесијата и заеднички да им се помогне, со цел да се зголеми конкуретноста на странските пазари.

Сесијата ја отвори Министерката за финансии Нина Анѓеловска која посочи дека покрај бројните придобивки на е-трговијата, можноста за извоз е пожелна за секоја компанија и е значаен контрибутор на бруто домашниот производ во за секоја држава. На сесијата присуствуваа стотина претставници од најразлични компании за е-трговија, кои ги извезуваат или сакаат да ги извезуваат своите производи. На сесијата се разви конструктивна дискусија на која присутните ги образложија проблемите со кои се соочуваат.

Оваа сесија беше правата од серијалот информативни сесии за е-трговија кои ќе се одржуваат еднаш во месецот, а ќе имаат за цел да ги едуцираат сите засегнати страни, за сè што е поврзано со е-трговија, со цел зголемен раст и развој на е-трговијата во нашата земја.

# #18 Две години АЕТМ & Предновогодишна прослава [декември]

Поминаа две години од нашето основање и две години како напорно работиме на подигнување на свеста за важноста на е-трговијата, за мапирање на предизвиците и за едуцирање на сегашните и потенцијалните е-трговци.

2019 година ја започнавме со голем ентузијазам благодарение на довербата која ни ја укажаа сите компании од синџирот на е-трговијата, организации, владини институции и индивидуалци кои се приклучија здружено да делуваме кон подобро утре за е-трговијата во земјава.

На крајот од оваа успешна и исполнета година, со нашите ценети членови, соработници, пријатели и партнери во духот на предновогодишното расположение, заеднички наздравивме, прославивме и си посакавме уште подобри и поуспешни моменти во 2020 година.






# Реализирани настани во 2019 г.




# АЕТМ во медиумите

Работата на АЕТМ беше објавена на бројни веб портали, ТВ вести, емиси, пишани медиуми и радио емисии. За време на периодот од јануари до декември 2019 година, беа објавени повеќе од 300 натписи во повеќе од 40 веб портали, списанија и весници, а нашите настани беа покриени од скоро сите национални телевизии (Телма, Сител, Алсат, ТВ21, 24 вести, МРТВ, Канал 5, Алфа).










ВТОРА КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА Е-ТРГОВИЈА: СЕ ЗАБЕЛЕЖУВА КОНТИНУИРАН РАСТ НА Е-ТРГОВИЈАТА

28/10/2019 НАУКА И ТЕХНОЛОГИЈА, ПРЕТПРИЕМНИШТВО

Под мотото „Бизнис раст со е-трговија", во петокот во хотел „DoubleTree by Hilton" во Скопје се одржа Втората годишна конференција за е-трговија на која присуствуваа повеќе од 450 учесници од преку 151 компанија, 13 организации и неколку владини институции и факултети, а свое излагање и учество имаа триесетина еминентни говорници од земјата и странство. Дека интересот за настанот беше голем говори фактот дека картите беа распродадени неколку дена пред почетокот.

| Тема | Објавени вести | Медиуми (Онлајн, печатени и ТВ) |
|---|---|---|
| 100 милиони евра во онлајн трансакции во првите три квартали од 2018 година | 20 | **[Веб портали и магазини]** MIA.mk, Bankarstvo.mk, Marketing365.mk, Denar.mk, BiznisInfo.mk, Popularno.mk, Makfaks.mk, BI.mk, Faktor.mk, Inovativnost.mk, It.mk, Standard.mk, Kapital, PlusInfo.mk, Meta.mk, A1ON, MKD.mk, eMagazin.mk, Netpres, Lokalno, Makpress.mk, итн.<br><br>**[ТВ]** Сител, Канал 5, Телма, Алсат, Terra TV, ТВ 24, Алфа |
| Соработката помеѓу Асоцијацијата за е-трговија, Царинска управа и ДХЛ покажува резултати! | 6 | |
| Асоцијација за е-трговија на Македонија го одржа второто годишно собрание | 14 | |
| Македонските граѓани преку интернет потрошиле 133,7 милиони евра | 35 | |
| Во октомври ќе се одржи првата конференција за е-трговија во Македониј | 15 | |
| Голем интерес за Втората годишна конференција за е-трговија: Првите карти распродадени за само 10 дена | 9 | |
| Објавени се агендата и листата на говорници на Втората конференција за е-трговија | 8 | |
| Интервју за Маркетинг 365 со Аманда Џоунс, главен стратешки директор во McCann Букурешт „Она што го спојува создавањето на бренд и е-трговијата треба да биде вашата публика" | 1 | |
| Втора конференција за е-трговија:  Бизнисмените заинтересирани за новите дигитални трендови | 8 | |
| Граѓаните се повеќе купуваат електронски, ќе се олеснува постапката и за малите пратки | 30 | |
| Втора конференција за е-трговија: Се забележува континуиран раст на е-трговијата | 10 | |
| Зошто да присуствувате на Конференцијата за Е-трговија "Бизнис раст со е-трговија"? | 4 | |
| Интервју за Капитал со Виктор Стојкоски, генерален секретар на АЕТМ: Е-трговијата навистина може да биде главниот фактор за раст на бизнисот | 1 | |
| Интервју за IT.MK -„Заедничкиот пристап е вистинскиот пристап кон раст на е-трговијата," вели Филип Чижбановски, заменик претседател на АЕТМ | 1 | |
| Интервју за Банкарство.мк - ГОРЈАН ЈОВАНОВСКИ: Македонија има голема можност за проширување на навиките во е-трговијата | 1 | |
| Инклузивна дигитална економија – како до успешен е-бизнис | 11 | |
| Само пет отсто од компаниите се основани од жени, неопходна е нивна поголема вклученост во бизнисот | 19 | |
| Прв Мастерклас на УНКТАД во Скопје: Ги охрабруваме жените да целат повисоко | 20 | |
| Се одржа информативна сесија за потенцијалните извозници во е-трговијата | 5 | |
| Македонците најмногу он лајн купуваат облека и спортска опрема | 24 | |
| Во 2019 година се отворале по 14 нови е-продавници месечно | 21 | |

# Нашите членови во 2019 година

ГЕНЕРАЛЕН ПАРТНЕР

ПОЧЕСНИ ЧЛЕНОВИ

ПРЕМИУМ ЧЛЕНОВИ

ЧЛЕНОВИ

**Ви благодариме на довербата!**